# Универзитетски гласник

*Издавач*
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје

*Уредник на издавачката дејност на УКИМ*
Проф. д-р Биљана Ангелова, ректор

*Уредник на Универзитетски гласник*
м-р Марија Маневска, генерален секретар

*Лектор*
Весна Илиевска Цветановска

*Техничко уредување*
Зоран Кордоски
м-р Елизабета Додевска


## АНЕКС
## на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

```

Врз основа на член 94, став 1, алинеја 22 од Закон за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021 и бр. 58/2024), член 157, став 1, алинеја 8 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019) и член 97 од Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 417/2019 и бр. 607/2022), Универзитетскиот сенат на 11. седница, одржана на 24.6.2024 година, донесе

## А Н Е К С
## на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

### Член 1

Со овој Анекс на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во натамошниот текст: Анекс) се утврдуваат надоместоците што ги плаќаат студентите надвор од партиципацијата, односно школарината, и тоа:
- за напредување на студентот,
- за мобилност,
- за други права на студентите,
- за издавање документи.

### Член 2

Цената на еден ЕКТС-кредит се определува во зависност од износот на партиципацијата или школарината за еден семестар и се добива кога износот на партиципацијата или школарината ќе се подели со 30 ЕКТС-кредити.

### Член 3

На студентите запишани на единиците на Универзитетот единиците им наплатуваат надоместоци за извршени услуги поврзани со напредување на студентот, т.е. запишување/заверка на семестар, презапишување предмети, полагање на испитите, промена на студиска програма:

| Ред. бр. | Назив на услугата | Износ во денари | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1 | Промена на статус од редовен во вонреден студент или обратно | 1.000,00 ден. | |
| 2 | Запишување на семестар по истекување на рокот | 1.500,00 ден. | |
| 3 | Административно регулирање на семестар по активирање на студиите | 1.000,00 ден. | По семестар. |
| 4 | Административно запишување семестар<br>– без предмети,<br>– без предмети, но со пријавена дипломска работа | 1.000,00 ден. | |
| 5 | Презапишување предмет (член 59) | | Износ на ЕКТС-кредит |
| 6 | Запишување предмети од други студиски програми надвор од предметите предвидени во студиската програма (член 61) | | Износ на ЕКТС-кредит |
```

```

| | | | |
|---|---|---|---|
| **7** | Промена на изборен предмет (во истиот семестар кога го запишал) | 1.500,00 ден. | |
| **8** | Задоцнето пријавување на испит | 1.000,00 ден. | По испит. |
| **9** | Комисиско полагање на испит (член 51) | 2.000,00 ден. | |
| **10** | Поништување/повторување на испит (член 60) | 2.000,00 ден. | |
| **11** | Премин од стара на нова студиска програма на единицата на Универзитетот | 3.000,00 ден. | |
| **12** | Премин од една на друга студиска програма на единицата на Универзитетот | 2.000,00 ден. | Кога сака да ја промени студиската програма, најчесто по прва година. |
| **13** | Признавање (по дозволен премин) на положени испити на:<br>- друг универзитет од странство<br>- друг универзитет од земјата<br>- единицата кога не се еквивалентирани предметите | <br><br>400 ден.<br>300 ден.<br>200 ден. | По предмет. |
| **14** | Премин од една на друга студиска програма на друга единица на Универзитетот | 3.000,00 ден. | |

**Член 4**

На студентите запишани на единиците на Универзитетот единиците им наплатуваат надоместоци за извршени услуги поврзани со други права на студентите:

| Ред. бр. | Назив на услугата | Износ во денари | Забелешка |
|---|---|---|---|
| **1** | Мирување на студиите | 2.000,00 ден. | При поднесување на молбата/барањето. |
| **2** | Продолжување на прекинатите студиите | 2.000,00 ден. | При поднесување на молбата. |
| **3** | Барање за испишување | 3.000,00 ден. | При поднесување на барањето. |
| **4** | Продолжување рок за дипломска работа | | Ја презапишува и плаќа износ на ЕКТС-кредити. |
| **5** | Промена на тема на дипломска или семинарска работа | 1.000,00 ден. | |
| **6** | Запишување/одбрана на дипломска работа | | Број на ЕКТС-кредити. |

**Член 5**

На студентите запишани на единиците на Универзитетот единиците им наплатуваат и надоместоци поврзани со **издавање документи,** и тоа за:

| Ред. бр. | Назив на услугата | Износ во денари | Забелешка |
|---|---|---|---|
| **1** | Индекс | | Цената ја утврдува УКИМ. |
```

| | | | |
|---|---|---|---|
| **2** | Издавање дупликат на индекс | 1.500,00 ден. | Цената ја утврдува УКИМ. |
| **3** | Издавање индекс-продолжение | | |
| **4** | Издавање уверение за положени испити во текот на студиите | До 200 ден. | |
| **5** | Издавање уверение за положени испити кога студентот ќе дипломира | 1.000,00 ден. | |
| **6** | Издавање уверение за положени испити во текот на студиите на англиски јазик | 500 ден. | |
| **7** | Издавање уверение за положени испити на англиски јазик кога студентот ќе дипломира (кога студиската програма е на англиски јазик) | 1.500,00 ден. | |
| **8** | Издавање уверение за положени испити на англиски јазик кога студентот ќе дипломира (кога студиската програма е на македонски јазик) | 1.500,00 ден. | Секој нареден примерок по 500 ден. |
| **9** | Издавање диплома за прв/втор циклус студии | | Одлука од УКИМ+30% |
| **10** | Издавање диплома за прв/втор циклус на студии на англиски јазик (кога студиската програма е на англиски јазик) | | Одлука од УКИМ+30% |
| **11** | Издавање диплома по итна постапка за прв/втор циклус студии | | Одлука од УКИМ+30% |
| **12** | Издавање дупликат диплома за прв/втор циклус студии | | Одлука од УКИМ+30% |
| **13** | Издавање додаток на диплома за прв/втор циклус студии | | Одлука од УКИМ+30% |
| **14** | Издавање потврди за статус на студент/специјализант | До 100 ден. | |
| **15** | Издавање потврди по разни основи (во зависност од податоците кои се бараат) | Од 300 до 1.500,00 ден. | Утврдува единицата. |
| **16** | Издавање дупликат додаток на диплома на англиски јазик | Одлука од УКИМ + 30 % | Секој нареден примерок по 500 ден. |
| **17** | Заверен препис на студиските програми:<br>- на македонски јазик<br>- на англиски јазик<br>- на јазиците на припадниците на заедниците на кои се изведува наставата | 3.000,00 ден.<br>6.000,00 ден.<br>3.000,00 ден. | Кога студентот бара во пишана форма и на секоја страница потпис и печат. |
| **18** | Издавање електронска картичка | | Одлука од деканатска управа согласно со јавната набавка. |
| **19** | Промена на лично име во документ (по документ) | 100 ден. | |
| **20** | Издавање решение по поднесена молба од студенти | 100 ден. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **21** | Издавање посебно уверение за полаган странски јазик ако студентот го положил во рамките на студиската програма | 300 ден. | |
| **22** | ИКСССА (информативни, културни, спортски, студентски сервиси и други активности на Универзитет/годишно) | 750 ден. | |

**Член 6**

На студентите од втор циклус студии единиците им наплатуваат исти надоместоци како на студентите на прв циклус студии, освен следниве надоместоци:

| **Ред. бр.** | Назив на услугата | Износ во денари | Забелешка |
|---|---|---|---|
| **1** | Барање за продолжување рок за одбрана на магистерски труд | 6.000,00 ден. | Има право 1 година. |
| **2** | Повторно пријавување на магистерски труд поради истечен рок | | По истекот на рокот, повторно пријавува тема и ги плаќа ЕКТС-кредитите. |
| **3** | Промена на тема по барање на студентот | 2.000,00 ден. | |

**Член 7**

На студентите кои студираат паралелно им се наплаќа партиципација на матичната единица на Универзитетот, а школарина на единица на Универзитетот каде што паралелно студира.

На студентот гостин од друг универзитет во земјата му се наплаќа школарина според бројот на запишани ЕКТС-кредити по предмети.

На студентот гостин од друг универзитет во странство му се наплаќа школарина за странски студенти согласно со Конкурсот според бројот на запишани ЕКТС-кредити по предмети.

**Член 8**

Единиците се должни на своите веб-страници да го објават овој Анекс.

На студентите запишани на единиците на Универзитетот може да им се наплатуваат дополнителни надоместоци за извршени услуги или трошоци, а се поврзани со специфики во реализација на студиските програми на едниците.

Висината на надоместоците се утврдуваат со општ акт на единицата кој е јавно објавен.

**Член 9**

Надоместоците утврдени со овој Анекс ќе се применуваат и при издавање индекс и студентска легитимација ако се користи дигиталниот електронски систем.

Надоместокот за обрасците за пријави издадени преку дигиталниот електронски систем ќе се наплаќаат по 30 денари, а надоместокот за обрасците за запишување на семестар и заверка на семестар издадени преку дигиталниот електронски систем ќе се наплаќаат по 50 денари.

Надоместоците од став 1 и 2 на овој член се уплаќаат на сметката на Универзитетот.

**Член 10**

Овој Анекс влегува во сила од денот на објавувањето во *Универзитетскиот гласник* и ќе започне да се применува од учебната 2024/2025 година.

**П р е т с е д а т е л**
**Проф. д-р Сашо Еленчевски, с.р.**